**Original Research Paper**

**UDK: 329:321.7**

**342.827.2:321.7**

# A MULTIPARTY SYSTEM WITHOUT A DOMINANT PARTY AS A PREREQUISITE FOR A MORE SUCCESSFUL CONSOCIATION – A COMPARATIVE REVIEW

**Nikola Ambarkov**
PhD in Political Science, MA in European Studies
amvelbares@gmail.com ambarkov_nkl@yahoo.com

**Abstract**

In political science, there is a principled consensus that the full functioning of the consociational model of democracy, so-called power-sharing, requires the existence of a multiparty system. But certain authors go a step further saying that not whoever multiparty system is appropriate for the countries of consociational democracy, but a multiparty system without a dominant party. This is also the main thesis of this paper. Hence, to process it, the paper is structured as follows: first, a theoretical overview will be given of the typologies of party systems that exist in political science, then through the prism of the so-called Laakso-Taagepera index (L-T index) for the effective number parties (ENP), named after the Estonian scientists of the same name, will be reviewed the party systems of the paradigmatic European "case studies" - the Netherlands, Belgium and Switzerland, as well as the newly formed consociations - Bosnia and Herzegovina (BiH) and the Republic of North Macedonia (RNM). The time segment for the analysis of election cycles and the effective number of parliamentary parties (ENPP) in these selected cases is derived as follows: 1. For the Netherlands, the focus is from the introduction of the proportional model in 1917 to 1967, that is, the so-called period of sixty years of consociation; 2. For Belgium from the elections after the First World War, with particular emphasis on the election cycles in the 70s, 80s and 90s, when with the six constitutional reforms the country became a federal and full-blooded consociation; 3. For Switzerland, since the introduction of the proportion in 1918, with a particular focus on the election cycles after the introduction of the so-called "magical formula" for the determination of the composition of the Federal Council (1959); 4. For BiH and RNM, the election cycles after the Dayton Peace Agreement (DPA) and the Ohrid Framework Agreement (OFA), when consociational elements were introduced into their political systems. From the analysis made, on the one hand, it will be confirmed that in all selected cases, except RSM, in "the lion's share" of the election cycles, indeed the ENPP index indicated multipartyism without a dominant party. On the other hand, it will be shown that the RNM does not fit into the definition of a typical consociation with a multiparty system without a dominant party, because its party system after the OFA according to the L-T index for the ENPP is a typical two-and-a-half party system. Therefore, it is more correct to speak of the totality of the Macedonian political system as a kind of "hybrid" of elements of parliamentary and consociational democracy, rather than a "pure" consociation.

***Keywords**:* consociation, multipartyism without dominant party, Laakso-Taagepera index of effective number of parties, parliamentary represented parties, power-sharing

**МУЛТИПАРТИСКИ СИСТЕМ БЕЗ ПРЕДОМИНАНТНА ПАРТИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОУСПЕШНА КОНСОЦИЈАЦИЈА – ЕДЕН КОМПАРАТИВЕН ОСВРТ**

**Никола Амбарков**
д-р по политички науки, м-р по европски студии
amvelbares@gmail.com , ambarkov_nkl@yahoo.com

**Апстракт**

Во политиколошката наука постои начелен консензус дека за поволно функционирање на консоцијативниот модел на демократија и т.н. power-sharing (споделување на власта) потребно е постоење на повеќепартиски систем. Но, определени автори одат чекор понатаму велејќи дека за земјите на консоцијална демократија соодветствува не каков било мултипартизам, туку повеќепартиски систем без доминантна партија. Ова воедно е главната теза на овој труд. Оттука, за обработка на неа, трудот е структуриран на следниов начин: *најпрво* ќе се даде теориски осврт за типологиите на партиските системи кои постојат во политиколошката наука, за *потоа* низ призма на т.н. Лааксо-Таагепера индекс (Л-Т индекс) за ефективниот број на партии (ЕБП), именуван според истоимените естонски научници, да се разгледаат партиските системи на парадигматичните европски „студии на случај" – Холандија, Белгија и Швајцарија, како и новокомпонираните консоцијации – Босна и Херцеговина (БиХ) и РС Македонија (РСМ). Временската отсечка за анализа на изборните циклуси и ефективниот број на парламентарните партии (ЕБПП) во овие селектирана случаи е изведена на следниот начин: 1. За Холандија фокусот е ставен од воведувањето на пропорционалниот модел во 1917 до 1967, односно т.н. период на шеесетгодишна консоцијација; 2. За Белгија од изборите по Првата светска војна, со особен акцент на изборните циклуси во 70-ти, 80-ти и 90-те, кога со шесте уставни реформи земјата од унитарна стана федерална и полнокрвна консоцијација; 3. За Швајцарија, од воведувањето на пропорцијата 1918, со особен фокус на изборните циклуси по воведувањето на т.н. магична формула за конципирање на составот на Федералниот (извршен) совет (1959); 4. За БиХ и РСМ изборните циклуси по Дејтонскиот мировен договор (ДМД) и Охридскиот рамковен договор (ОРД), кога консоцијативни елементи беа воведени во нивните политички системи. Од направената анализа, од една страна, ќе се потврди дека во сите селектирани случаи, со исклучок на РСМ, во „лавовскиот" дел од изборните циклуси, навистина индексот за ЕБПП индицирал повеќепартизам без доминантна партија. Од друга страна, ќе се покаже дека РСМ не се вклопува во дефиницијата за типична консоцијација со мултипартиски систем без доминантна партија, бидејќи нејзиниот партиски систем по ОРД според Л-Т индексот за ЕБПП е типичен двоипол партиски систем, па оттука за вкупноста на македонскиот политички систем е поисправно да се говори како за еден своевиден „хибрид" од елементи на парламентарна со консоцијална демократија, отколку за „чиста" консоцијација.

***Клучни зборови***: консоцијација, повеќепартизам без доминантна партија, индексот Лааксо-Таагепера на ефективен број на партии, парламентарно претставени партии, power-sharing

**Вовед**

Партиите и партискиот систем го претставуваат несомнено првото поглавје на политичкиот систем. Затоа, не е случајно што многу учебници или студии, кои се посветени на анализа на политичкиот систем, започнуваат со поглавјето за партиите (Vasović, 2006: 112). Дополнително, партискиот систем ја отсликува општата физиономија на политичкиот систем, бидејќи од неговата природа и карактер во голем степен зависи и природата и карактерот на самиот политички систем (Климовски и Каракамишева, 2006: 177). Според истите автори, партискиот систем може да се дефинира како систем на политичко насочување на општеството, во кој политичките партии добиваат карактер на агенции, преку кои се врши таквото насочување на интересите и потребите. Со други зборови кажано, партискиот систем всушност е севкупноста од мрежата на односи кои постојат помеѓу политичките партии (Ibid.,). Оттука, за да се разбере суштината на секој еден демократски политички систем потребно е да го следиме влијанието на социјално-културните и институционалните димензии на политичките партии и демократијата воопшто (Milutinović, 2014: 42).

Во доцните шеесетти години на XX век, во политиколошката наука, теориски започна да се заговара еден посебен тип на демократски политички систем на консоцијалната(консензуалната) демократија.[1] Аренд Липхарт, како патријарх на консоцијативниот модел, во иницијалната фаза од неговата развојност, го визираше како своевидно надополнување на плуралистичкиот модел на демократија, но врзувајќи го исклучиво за сложените општества поделени според национален, регионален, религиозен или кој било друг признак, каде постои потреба за претставување и модерирање на различните интереси (Milutinović, 2014: 40). Подоцнатој го редимензионираше моделот на начин правејќи го релевантен за секое општество во кое постојат плурални интереси. Согласно интервенциите во овој правец, терминот консоцијална, Липхарт го замени со консензуална демократија.

Според Роберт Дал, за поделотворно функционирање на консоцијацијата потребни се поволни услови (1999: 348). Посебен фокус во теориската литература, во поглед на поволното функционирање на консоцијативното споделување на власта, му се придава на повеќепартискиот систем. Повеќепартизмот е својствен на косоцијациските системи, бидејќи во плуралните (хетерогените) општества, кои се остро поделени по религиски, идеолошки, јазични, културни, етнички или расни основи, како своевидни подопштества, сите тие имаат сопствени политички партии (Milutinović, 2014: 45). Според истиот автор, мултипартизмот е продукт, не само на структурирањето на општеството долж доминантните линии на социеталните расцепи т.е. социјалните поделби, туку и на самиот пропорционален изборен систем, кој, исто како и повеќепартизмот, е *condicio sine quo non* за консоцијалните демократии.

Но, определени автори, како на пример Волинец (2004: 4), одат чекор понатаму велејќи дека за земјите на консоцијална демократија соодветствува не каков било мултипартизам, туку повеќепартиски систем без доминантна партија. Оттука, главната теза во овој труд е токму таа дека **во земјите на консоцијална демократија постојат елементи на повеќепартиски систем без доминантна партија**. За таа цел трудот е структуриран на начин најпрво, да се даде теориски осврт за типологиите на партиските системи кои постојат во политиколошката наука. Потоа, низ

[1] Некои автори се на мнение дека тука не може да стане збор за некаков посебен тип на политички систем, туку дека може само да се говори за вклопување на консоцијацијата во основните структури на моделите на парламентарен, претседателски, мешовит или уникатниот директоријален систем на Швајцарија (Ванковска, 2014: 130).

призма на индексот Лааксо-Таагепера за бројот на ефективни партии ќе се разгледаат партиските системи на земјите кои Липхарт ги зеде како „студии на случај“ при рационалното, прескриптивното и емпириското опишување на консоцијалната демократија, а тоа се неговата родна Холандија, соседната Белгија, но и најпарадигматичната – Швајцарија. Бидејќи Липхарт ја обликуваше консоцијацијата како алтернатива на мнозинскиот (вестминстерскиот) модел, кој во значителна мера нуди оптимални решенија за сложените, вклучително и постконфликтни општества, таа беше инструментализирана од страна на Меѓународната заедница како популарен уставен инженеринг. Се примени во општества како босанскохерцеговското, по Дејтонскиот мировен договор (1995), но и македонското, по Охридскиот рамковен договор (2001), со цел разрешување и надминување на конфликтите кои таму возникнаа, каква што беше Граѓанската војна во БиХ (1992-1995), но и Вооружениот судир во РМ од 2001. Затоа, предмет на анализа во овој труд ќе бидат и партиските системи на овие две земји, кои консоцијацијата ја посвоија по пат на уставен инженеринг.

## 1. Типологија на партиските системи

Според Далдер, класификацијата на партиските системи е сложен и комплексен процес затоа што постојат мноштво проблеми (*issues*), димензии и расцепи во самиот политички живот кои цврсто се спротивставуваат на обидите да се редуцираат на една доминантна основна димензија (цитирано кај Vasović, 2006: 120-121).

Најтрадиционален критериум за типологизацијата на политичките партии е *нивниот број*. Согласно овој критериум добиваме една од најпоедноставените класификации во која се говори за *еднопартиски*, *двопартиски* и *повеќепартиски* систем. Кога сме кај монистичкиот (еднопартискиот) систем, тука поскоро се мисли за содржината на еден определен политички систем, каков што е авторитарниот, отколку за карактерот на некаков партиски систем (Wolinetz, 2004: 1).

На критериумот за *релевантност* на политичките партии при типологизацијата на партиските системи, најмногу инсистираше доајенот на политиколошката наука, Џовани Сартори (1976), за кого релевантна е онаа партија која има коалиционен т.е. преговарачки или уценувачки потенцијал. Сартори и неговата класификација на партиските системи и денеска се смета за најреферентна во науката за политичките партии. Истата разликува *еднопартиски, двопартиски, повеќепартиски* и *атомизиран* партиски систем. Еднопартискиот латерално е поделен на *систем со една партија*, *систем со партија-хегемон* и *систем со предоминантна партија*. Расклонување има и кај повеќепартискиот систем *на систем со ограничен* (*умерен*) *или екстремен* (*краен*) плурализам.

Покрај оваа *mainstream* класификација постојат и други варијантни типологизации на партиските системи. Блондел, уште во 1968, речиси една декада пред Сартори, понуди нешто пократка типологија со четири, наместо со седум типа на партиски системи (како кај Сартори на пример). Оваа категоризација на Блондел антиципира два критериума: бројот на политичките партии и нивната релативна големина. Липхарт ја има шематизирано на следниов начин:

**Табела 1: Блонделовата конфигурација-класификација на партиските системи на западните демократии; Традиционална конфигурација:**

| Партиски систем | Хипотетички пример за поделба на местата | Ефективен број на партии според Лааксо-Тагепера индексот |
|---|---|---|
| двопартиски систем | 55 – 45 | 2,0 |
| систем со две и пола партии | 45 – 40 – 15 | 2,6 |
| повеќепартиски систем со доминантна партија | 45 – 20 – 15 – 10 – 10 | 3,5 |

| | | |
|---|---|---|
| повеќепартиски систем без доминантна партија | 25 – 25 – 25 – 15 – 10 | 4,5 |

Од оваа шематизација може да се констатира дека во *двопартиските* системи третата партија е мала и политички безначајна. Тоа сепак не е случај со *две и полпартискиот* систем, каде што третата партија освојува нешто повеќе гласови, отколку во претходно посочениот случај. Кај овој систем, исто така, нема сосема избалансирани две главни партии, бидејќи втората е нешто помала од првата. Кај *мултипартискиот систем со доминантна партија*, таа партија држи од 40-45% од гласовите, другите 3-4 партии ги делат преостанатите гласови. *Повеќепартизмотбез доминантна партија* подразбира дека ниту една парламентарно претставена партија не добива повеќе од 25% од гласовите на избирачите или 25% од местата во претставничкиот дом (Vasović, 2006: 122).

Во 2000, политикологот Ален Сиароф ја прошири и надгради претходно посочената Блонделова класификација. Сиароф при креирање на својата типолошка рамка ја зема предвид релативната големина и сила на политичките партии кои освоиле повеќе од 3% од гласовите. Неговата категоризација антиципира осум типа на партиски системи:

1) Чист двопартиски систем, што значи дека двете партии делат 95% од гласовите; **1,92**
2) Умерен повеќепартиски систем, со 3-5 партии над 3% (т.е. 2.5 партиски систем); **2,56**
3) Умерен повеќепартиски систем со една доминантна партија; **2,95**
4) Умерен повеќепартиски систем со две доминантни партии; **3,17**
5) Умерен повеќепартиски систем со баланс помеѓу партиите; **3,69**
6) Екстремен повеќепартиски систем со една доминантна партија; **3,96**
7) Екстремен повеќепартиски систем со две доминантни партии; **4,41**
8) Екстремен повеќепартиски систем со баланс помеѓу партиите; **5,56**

Прикажаните болдирани вредности го претставуваат бројот на ефективни парламентарни партии, пресметани според индексот Лааксо-Таагепера , кои Сиароф им ги придодава на овие осум типа на партиски системи.

За разлика од четиричлената конфигурација-класификација на Блондел, седмочлената на Сартори и осмочлената на Сиароф, Липхарт изврши префигурирање и преименување на некои категории на начин да понуди трипартитна шематизација на партиските системи разликувајќи: 1. *Центрифугални системи* (Франција, Италија); 2. *Центрипетални* (Данска, Германија, Финска, Велика Британија) и 3. *Конкордатско-демократски* (Белгија, Холандија, Австрија, Швајцарија). Токму партиските системи на етаблираните консоцијации (Белгија, Холандија, Швајцарија), но и новосоздадените (БиХ и РСМ), се во фокусот на овој труд преку испитување на главната теза дека за консоцијативниот модел на демократија иманентен е повеќепартискиот систем без доминантна партија. За таа цел во продолжение ќе биде проанализиран индексот за ефективен број на партии во партискиот систем на овие пет селектирани случаи. Како што погоре беше посочено, индексот за повеќепартиски систем без доминантна партија според Блондел изнесува 4,5, пресметан според формулата на естонските научници Лааксо и Таагепера. Математичката формула за пресметување на ефективниот број на партии (ЕБП) е следна:

$$ENEP=1/\Sigma vi^2 \text{ и } ENPP=1/\Sigma si^2$$

каде vi/si го означува соодносот на гласови/места на секоја партија (види Laakso & Taagepera, 1979; Casal Bértoa, 2013: 401-402). Ова значи дека формулата за ЕБП се јавува во два вида – како *ефективен број на изборни* (*елективни*) ENEP/ЕБИП и *ефективниот број на парламентарно претставени партии* ENPP/ЕБПП. Еден од главните дострели на овој индекс е тоа што преку самата идеја за квантифицирање на ефективниот број на релевантни партии успешно го операционализираше Сарториевиот концепт за партиска релевантност (Dumont & Caulier, 2003: 20). Липхарт е на мнение дека со помош на Л-Т индексот во науката веќе „е постигнат висок степен на консензус за тоа како точно треба да се мери бројот на партиите“ (Lijphart, 2012: 67).

## 2. Ефективниот број на партии во етаблираните консоцијации

## 2.1 Холандија

За камен-меѓник во воспоставување на консоцијалната демократија во Холандија се смета т.н. ʽголема пацификацијаʼ во холандскиот политички систем, која се случи во 1917 (види Loots, 2004). Овде всушност станува збор за серија компромисни решенија, кои беа изнајдени помеѓу политичките сили во земјата. До нив се дојде по завршувањето на Првата светска војна. Компромисот беше изведен на следниот начин: конфесионалните партии го добија јавното финансирање на религиозните училишта; Работничката партија се здоби со универзалното (машко) право на глас (жените ќе го добијат две години подоцна); а либералите беа задоволени со воведувањето на пропорционалниот изборен модел (Андевег, 2009: 520).

Од претходниот пасус, ние всушност ја забележуваме драматичната поделеност на холандското општество, која се смета дека постоела и во приодот пред 1917. Столбовската поделеност на холандското општество како термин ја воведува Аренд Липхарт. Реалната демографска тежина на холандските ʽzuilenʼ-столбови тој ја проценува на следниот начин: 34% католици, 32% социјалисти, 21% протестанти и 13% либерали (види Lijphart, 1976: 31-32).

Големата пацификација од 1917, како што погоре наведовме, беше одбележана со радикална промена на изборниот модел, бидејќи мнозинскиот систем беше заменет со чиста пропорционална застапеност. Овој модел, во голем степен, овозможи столбовската поделеност во холандското општество да ја преслика во т.н. Втор дом на холандскиот парламент т.е. во претставничкиот дом.[2] Инсистирањето на Либералната партија за промени во овој правец, биле резултат на стравувањата дека со проширувањето на правото на глас на помалку богатите гласачи (работниците), кое исто се случи за време на т.н. пацификација, би ги свело богатите либерали на малцинство во едномандатните изборни единици кои дотогаш постоеле.

Изборниот модел во Холандија постои повеќе од еден век и досега нема претрпено позначителни промени. Според него во Холандија се имаат одржано вкупно триесет изборни циклуси, од кои речиси половина (14) се одржани во периодот на т.н. *шеесетгодишна холандска консоцијација* (1917-1967). Во прилог е даден бројот на ефективни изборни и ефективни парламентарни партии во Холандија по изборни циклуси според симулацијата направена од страна на Party Systems and Governments Observatory, The University of Nottingham.

**Табела 2: Ефективен број на партии (изборни и парламентарни) во Холандија според индексот Лааксо-Таагепера одржани според актуелниот изборен модел од 1917-2021**

| избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1917** | / | 6.1 | **1956** | 4.3 | 4.1 | **1989** | 3.9 | 3.8 |
| **1918** | 5.8 | 5.9 | **1959** | 4.5 | 4.2 | **1994** | 5.7 | 5.4 |
| **1922** | 5.9 | 5.3 | **1963** | 4.8 | 4.5 | **1998** | 5.2 | 4.8 |
| **1925** | 6.3 | 5.3 | **1967** | 6.2 | 5.7 | **2002** | 6 | 5.8 |
| **1929** | 5.6 | 5.6 | **1971** | 7.1 | 6.4 | **2003** | 5 | 4.7 |
| **1933** | 6.3 | 6.5 | **1972** | 6.8 | 6.4 | **2006** | 5.8 | 5.5 |

[2] Холандија е уставна монархија со дводомен Парламент (Staten Generaal). Сенатот (Eerste Kamer или Горниот дом) се состои од 75 членови индиректно избирани за мандат од четири години од 12-те провинциски асамблеи. За многумина именувањето на Сенатот како Прв дом е конфузно, бидејќи е составена од почесни членови, заседава поретко од т.н. Втор дом, нема право на амандмани, но има право на вето над целото законодавство. Претставничкиот дом (Tweede Kamer или Долниот дом), се состои од 150 членови, директно избрани за мандат од четири години преку отворена листа и пропорционален изборен модел. Државата претставува една изборна единица, независно од фактот што е поделена на деветнаесет изборни окрузи, од чисто административни причини. Во Холандија не постои законски изборен праг, но тој *de facto* изнесува 0,67% или 100/150, бидејќи Втората комора како што видовме има 150 пратеника. Мандатите во Холандија се распределуваат според Харе квотата (LR-Hare). Таа се смета за национална изборна квота. По правило, во Холандија не сите места се распределуваат според LR-Hare. Т.н *restzetels* ʽпреостанати местаʼ на листите во деветнаесетте дистрикти се распределуваат врз основа на системот на највисок просек (D'Hondt метода).

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1937** | 8.3 | 5.6 | **1977** | 4 | 3.7 | **2010** | 7 | 6.7 |
| **1946** | 4.7 | 4.5 | **1981** | 4.6 | 4.3 | **2012** | 5.9 | 5.7 |
| **1948** | 5 | 4.7 | **1982** | 4.2 | 4 | **2019** | 8.5 | 8.1 |
| **1952** | 5 | 4.7 | **1986** | 3.8 | 3.5 | **2021** | 9.3 | 8.5 |

Главната теза на овој труд е дека за консоцијациските системи најприкладен е повеќепартискиот систем без доминантна партија. Ако се анализира ефективниот број на парламентарни партии во ерата на т.н. шеесетгодишна холандска консоцијација, ќе се забележи дека со исклучок на изборните циклуси во 1956 и 1959 (2/14 изборни циклуса), индексните вредности се над **4,5** (а во два случаи точно **4,5**), вредност над која Блондел сите партиски системи ги вметнува во оваа категорија – повеќепартизам без доминантна партија. Според класификацијата на Сиароф, партискиот систем за време на класичниот консоцијативен период од 1917-1967, според неговите индексни вредности за партиските системи, е класичен пример за екстремен повеќапартизам кој лавирал помеѓу екстремен повеќепартизам со една доминантна партија (над **3,96**) во 1956, 1959, со две доминантни партии (над **4,41**) во 1922, 1925, 1946, 1948, 1952 и 1963, и со баланс помеѓу партиите (над **5,56**) во 1917, 1918, 1929, 1933, 1937, 1967.

Овие индексни вредности воопшто не се за изненадување, бидејќи погоре посоченото социјално раслојување на столбови се пресликало и во партискиот систем. Секоја од групациите била претставувана од сопствена партија, но протестантите имале две политички опции, кои меѓусебно се натпреварувале за нивната наклоност. Андевег (2009: 518), ги класифицира современите холандски партии во три фамилии: **социјалистички** со предоминантната Работничка партија PvdA (Partij van de Arbeid), чиј нејзини историски претходник беше SDAP (Sociaal Democratische Arbeiders Partij); **Демохристијански** апел CDA (Christen-Democratisch Appèl), кој произлезе од трите холандски историски конфесионални партии: Katholieke Volkspartij (KVP), Christelijk-Historische Unie (CHU), Anti-Revolutionaire Partij (ARP) и конзервативните **либерали** VVD (Volkspartij voor Vrijheid en Democratie), чиј претходник беше Vrijzinnig Democratische Bond (VDB).

Овие пет партии (SDAP, VDB, KVP, CHU, ARP), од четирите столба, ја одбележаа политичката сцена на Холандија од 1917 до 1967, кога се смета дека консоцијалните аранжмани во политичкиот систем на Холандија биле најинтензивни. Тие отсекогаш контролирале од 4/5 до 9/10 од местата во Втората комора на холандскиот Парламент. Холандските протестанти силно ја поддржувале протестантската Антиреволуционерна партија (ARP) и Христијанскиот историски сојуз (CHU), додека католиците стоеле зад (KVP). Поддржувачите на Социјалистичката (SDAP) и Либералната (VDB) партија често го следеле класниот расцеп и им давале поддршка на изборите. Оттука, може да се заклучи дека секуларните формации на социјалистите и либералите имале јасно класно втемелен електорат, додека конфесионалните католички и протестантски политички сили добивале гласови од различно класно испрофилирани избирачи.

Политичките „чадор" партии, CDA и PvdA, под кои ќе се „засолнат" конфесионалните KVP, ARP, CHU (во CDA), односно социјалистите од SDAP и социјалните-либерали од VBD (во PvdA), беа формирани во втората половина на XX век, а тие беа и клучните катализатори на т.н. процес на дестолбовизација на холандското општество. Процесот беше одбележан со губењето на острината на социеталните расцепи, а многу политички лидери ги отфрлија правилата на игра од т.н. политика на приспособување (акомодација на четирите столба, т.е. консоцијативното споделување на власта). На овој начин, холандската политика на приспособување станала историски феномен. Но, како модел на видлива консоцијална демократија, Липхарт сè уште го наведува примерот на Холандија (1917-1967), како релевантен за другите земји со остри општествени подвојувања.

Но, и во постконсоцијативниот период, во Холандија, може да се нотира дека со исклучок на петте последователни изборни циклуса од 1977 до 1989, кога партискиот систем на Холандија според Блонделовата типологија имаше карактер

на повеќепартиски систем со доминантна партија[3] (**3,5**), во сите преостанати изборни циклуса, холандскиот партиски систем продолжи да функционира како типичен повеќепартизам без доминантна партија.

### 2.2 Белгија

За водечкиот теоретичар на консоцијацијата, Аренд Липхарт, Белгија е повеќе од солиден пример преку кој може да се објасни консоцијативниот модел на демократија. Белгија стана независна во 1830 година. Помеѓу 1970 и 1993 година, земјата еволуираше кон федерална структура. Ова се случи преку шест државни реформи (во 1970, 1980, 1988-89, 1993, 2001 и 2012-2014 година). Во Кралството Белгија денес се разликуваат два типа на федеративни ентитети – три федерални региона: *фламански, валонски и на главниот град Брисел*; и три федерални заедници: *фламанска* (вклучувајќи ги и фламанските говорници во регионот на главниот град), *франкофона* (вклучувајќи ги и франкофоните говорници во регионот на главниот град) и *германофона*.[4]
Ваквата сеопфатна реформа на уставниот и политичкиот систем на Белгија се рефлектираше и врз партискиот систем на земјата, што воедно е фокус на интерес на овој труд. До 60-те години на XX-от век, според Липхарт (2012: 35), Белгија била карактеризирана со партиски систем сочинет од две големи партии на христијанските демократи и на социјалистите, како и средните по големина либерали. Со отпочнувањето на серијата од уставни реформи овие три mainstream-партии се раслоија долж доминантната линија на расцеп во белгиското општество – јазичната,[5] но напоредно се испрофилираа и неколку други нови јазични партии, како на пример зелените, но и малите фламански националистички партии (Pauwels, 2011). Ексцесивниот повеќепартизам во Белгија се должи, не само поради јазичниот и класниот (идеолошки) расцеп во земјата, туку и примената на пропорционалниот изборен модел,[6] кој не го попречи, туку напротив, го поттикна транспонирањето на социеаталните расцепи во расцепи во рамките на самиот партиски систем. Оттука, не изненадува констатацијата дека Белгија „има еден од најфрагментираните партиски системи во која било модерна демократија“ (Swenden, Brans, & De Winter 2009: 8). Ова ќе го илустрираме со индексот за ефективниот број на изборни и парламентарно претставени партии во Белгија, во периодот меѓу двете светски војни, повоениот период, со особен фокус по

---

[3] Доминантна партија во сите овие пет циклуса беше CDA.

[4] Фламанската заедница и регионот Фландрија имаат заеднички парламент и влада, што не е случај со франкофоните, каде Парламентот и Владата на Франкофониот Регион Валонија и Парламентот и Владата на франкофоната заедница (колоквијално именувана и како Fédération Wallonie-Bruxelles) се засебни ентитети.

[5] Прва врз јазично-регионалниот критериум ќе се подели демохристијанска партија – Parti Social Chrétien-Christelijke Volkspartij на Centre Démocrate Humaniste (преименувана во 2022 во Les Engagés) во Валонија и на Christen-Democratisch en Vlaams во Фландрија. Наследниците на некогашната унитарна либерална формација Parti libéral-Liberale Partij (од 1961 позната и како Parti de la Liberté et du Progrès-Partij voor Vrijheid en Vooruitgang) ќе се поделат во 1972 на Mouvement Réformateur во Валонија, кој до 2002 беше познат како Parti Réformateur Libéral и на Open Vlaamse Liberalen en Democraten во Фландрија. Социјалистите од Parti Socialiste belge-Belgische Socialistische Partij, ќе се подвојат во 1978 на Parti socialiste во Валонија и Socialistische Partij Anders (преименувана во 2021 во Vooruit) во Фландрија.

[6] Белгија е држава-пионер на пропорционалниот изборен модел, бидејќи тој се применува во земјата уште од 1899 г., што значи дека тој има повеќе од едновековна традиција. Актуелниот изборен модел за Претставничкиот дом (комора) на Белгискиот парламент (Volksvertegenwoordigers / Chambre des Representants), кој е сочинет од 150 членови, предвидува тие да се избираат во 11 повеќечленски изборни единици, преку систем на пропорционална застапеност со флексибилна листа, за мандат од 5 години. Постои изборен праг од пет проценти, што треба да го достигне секоја партија во секоја област во 8 од 11-те изборни единици. Што се однесува до Горниот дом – Сенатот (Senaat / Sénat), со реформите од 1993, а особено 2014, тој повеќе нема да биде директно избиран, туку наместо тоа ќе стане собрание на назначени сенатори од регионалните и парламентите на заедниците и ќе биде со помал број на членови од претходно.

1970, кога започна трансформирањето на Кралството Белгија од унитарна и централизирана држава во парадигматичен пример на федерација со силно изразени центрифугални тежнеења.

**Табела 3: Ефективен број на партии (изборни и парламентарни) во Белгија според индексот Лааксо-Таагепера одржани во периодот 1919-2019**

| избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1919** | 3.3 | 3 | **1954** | 3 | 2.6 | **1985** | 8.2 | 7 |
| **1921** | 3.4 | 2.9 | **1958** | 2.7 | 2.5 | **1987** | 8.1 | 7.1 |
| **1925** | 3.2 | 2.8 | **1961** | 3.1 | 2.7 | **1991** | 9.8 | 8.4 |
| **1929** | 3.4 | 3.2 | **1965** | 4 | 3.6 | **1995** | 9.5 | 8 |
| **1932** | 3.2 | 2.9 | **1968** | 5.3 | 5 | **1999** | 10.3 | 9.1 |
| **1936** | 4.5 | 4.1 | **1971** | 5.9 | 5.5 | **2003** | 8.8 | 7 |
| **1939** | 4.2 | 3.7 | **1974** | 6.1 | 5.8 | **2007** | 9 | 7.9 |
| **1946** | 3.2 | 2.9 | **1977** | 5.7 | 5.2 | **2010** | 10 | 8.4 |
| **1949** | 3.3 | 2.8 | **1978** | 7.5 | 6.8 | **2014** | 9.6 | 7.8 |
| **1950** | 2.7 | 2.5 | **1981** | 9 | 7.6 | **2019** | 10.9 | 9.7 |

Воведувањето на пропорционалниот изборен модел 1899, според многумина познавачи на политичките прилики во Белгија, не предизвикал драматично фрагментирање на партискиот систем, кој на преминот од XIX кон XX век продолжил да лавира помеѓу две и полпартиски и умерен повеќепартиски систем. На пример, во периодот од 1919 заклучно со изборите до 1968, според индексот на Блондел, ќе се забележи дека во најголем дел по изборните циклуси имаме типичен две и полпартиски систем, со исклучок на оние од 1950 и 1958 каде индексната вредност за ЕБПП е **2.5,** која е на границата со индексот **2.6**, кој во Блонделовата типологија е синоним за две и полпартиски систем. Само во 1936, 1939 и 1965 партискиот систем може да биде квалификуван како мултипартизам со една доминантна партија. Што се однесува до класификацијата на Сиароф, повторно, по девет изборни циклуси имаме типичен две и полпартиски систем (**2.56**), вклучително и двата циклуса од 1950 и 1958, кои со **2.5** ефективни партии, претставува гранична вредност, многу блиска до **2.56**, која Сиароф ја зема како појдовна за „две и пол партии". Во преостанатите циклуси од 1929 и 1965, според Сиароф имаме умерен повеќепартизам со две доминантни партии, а во 1919 со една, додека во 1939 со баланс помеѓу партиите. Посебно парадигматичен е изборниот циклус од 1936 каде имаме екстремен повеќепартизам со една доминантна партија. Оттука, во интервалот по Првата светска војна до средината на 60-ти години на XX век, просечната индексна вредност за парламентарно претставените партии во Белгија е **3**, што според Блондел е синоним за типичен две и полпартиски систем, кој, како што погоре беше споменато, беше сочинет од две големи партии на христијанските демократи и на социјалистите, како и средните по големина либерали.

Ако се проанализираат изборите во периодот по 1970, кога отпочна интензивната уставна реформа во шест фази, може да се заклучи дека партискиот систем на Белгија функционираше во опстановка на типичен повеќепартизам без доминантна партија **4.5** (Блондел), односно екстремен повеќепартизам без доминантна партија **5.56** (Сиароф), (со исклучок на циклусите во 1968, 1977 кога имавме екстремен повеќепартизам со две доминантни партии). Ова е на линија и на главната теза во овој труд, дека ваков тип на партиски систем е прикладен за консоцијативните политички системи. Во Белгија, со шесте уставни реформи, практично започна јакнење на косоцијативните компоненти во системот, што беше тотален антипод на она што се случи во соседна Холандија, каде во 1967 заврши процесот на консоцијација, бидејќи земјата ја надрасна неа, свртувајќи се кон „нормална" либерална демократија (Ванковска, 2014: 130).

Како што нотиравме погоре, партискиот систем во Белгија е сериозно фрагментиран, дури и повеќе од што треба за префинетиот Липхартов консоцијативен „вкус", но тој сепак, на централно (државно) ниво покажа извонредна конзистентност, но и капацитетност да ги совладува предизвикувачките ситуации, кои често возникнуваа во комплексниот белгиски

политички систем. За разлика од некои други федерални држави, како Германија, Австрија или „квази-федерални“ како Шпанија, во Белгија, како што видовме, отсуствуваат партии кои функционираат на федералното ниво на власт (Swenden, 2003: 3). Затоа, не изненадува констатацијата дека Белгија може да се дефинирана како држава каде што „постојат партии и провинции, но не и нација“ (Wagstaff, 1994: 41).

**2.3 Швајцарија**

Политичкиот систем на Швајцарија, како што забележува определена група автори, во научните кругови е познат под името на *Sonderfall*, односно посебниот случај. Неговата посебност се должи на фактот што Швајцарија „е мала земја, со не малку различности; не малку различности, но и не малку судири; мала земја, но со голем интерес за нејзиниот политички систем; голем интерес, но многу малку обиди за негово копирање“ (Vasović, 2007: 103). Швајцарија е успешна многунационална, повеќејазична, верски и економски сложена демократска заедница (King, 1993: 96-97). Поради начинот на кој политичките елити го модерираа таквиот национален, верски и јазичен диверзитет, Швајцарија, во научните кругови беше доживувана и како парадигматичен пример за Липхартовиот концепт за консензуална (консоцијална) демократија.

Како во Белгија, така и во Швајцарија, според (Липхарт 2012: 36), комплотот од плурално општество, поделено долж неколку линии на расцеп – религиски, класен, јазичен,[7] од една страна и воведување на пропорционалниот модел, од друга страна, овозможува создавање на плодна почва за проникнување на повеќепартизмот. Пропорционалниот изборен модел, за избор на пратениците за Националното собрание т.е. Националниот совет на Швајцарија (*Nationalrat/Conseil National/Consiglio Nazionale*), на сојузно ниво се применува од 1919, независно од фактот што кантонот Тицино, беше првиот кој го замени мнозинскиот со пропорционалниот изборен модел уште во 1891. Но, сепак за изборите за советници во Државниот совет т.е. Советот на кантоните (*Ständerat/Conseil des Etats/ Consiglio degli Stati*), Горниот дом на Швајцарскиот парламент, се користи мнозинскиот изборен модел.[8] 200-члениот Национален совет се избира во 26-те кантона, кои ја играат улогата на изборни единици. Кантоните не се еднакви според бројот на население, оттука во секој кантон не се избираат еднаков број пратеници. Со исклучок на шест изборни единици,[9] каде се избира по еден кандидат, според системот на *first-past-the-post*; сите преостанати 20 кантони се повеќемандатни изборни единици, каде имаме избори според отворени листи со пропорционална застапеност. Станува збор за познатиот швајцарски модел на отворени листи т.е. техниката на *panachage* – гласачите може да ги пречкртаат имињата на партиските списоци, да го поделат својот глас меѓу партиите или да состават свој список на празно гласачко ливче. Местата се алоцираат според Hagenbach-Bischoff-от систем.

Следува табеларен приказ за бројот на ефективни елективни и парламентарно претставени партии, по воведувањето на пропорционалниот модел. Причината за неговото воведување на

---

[7] Сепак, се смета дека клучната разлика помеѓу швајцарскиот и белгискиот случај е тоа што јазичните разлики имаат незначително влијание врз партискиот систем на Швајцарија. Јазичниот расцеп во Швајцарија е успешно помирен, бидејќи предоминантните политички формации (либералните радикали FDP, демохристијаните CVP, социјалдемократите SP и ‘народњаците’ SVP) се всушност лабави сојузи на кантоналните партии во чии рамки јазичната поделба е значајна, но не и пресудна да тие се раслојат долж линиите на јазичниот расцеп како во Белгија.

[8] 46-члениот Државен совет се избира во 20 изборни единици со две места (што ги претставуваат 20-те “полни” кантони) и шест едночлени изборни единици (што ги претставуваат шесте полукантони). Два “полни” кантони со мало население - Ури и Гларус - имаат по две места во Државниот совет, но само по едно место во многу поголемиот Национален совет. Во Јура и Нојшател изборите се одржуваат со пропорционална застапеност, додека другите 24 кантони и полукантони го користат мнозинскиот систем.

[9] Тоа се четирите полу-кантона Обвалден и Нидвалден (Унтервалден) и Апенцал Инерроден со Апенцал Аусерроден (Апенцал) како и двата мали по број на населени, но станува збор за “полни” кантони – Ури и Гларус.

изборите во 1919, беше резултат на големата политичка нестабилност од претходната година, па воведувањето на пропорцијата на национално ниво беше потег со цел да им се даде шанса на помалите партии да ја прекршат хегемонијата на Либерално-радикалната партија.

**Табела 4: Ефективен број на партии (изборни и парламентарни) во Швајцарија според индексот Лаaксо-Таагепера одржани во периодот 1919-2019**

| избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1919** | 4.8 | 4.5 | **1955** | 5 | 4 | **1995** | 6.8 | 6.7 |
| **1922** | 4.8 | 4.5 | **1959** | 5 | 4.8 | **1999** | 5.9 | 5.2 |
| **1925** | 4.7 | 4.5 | **1963** | 5 | 4.8 | **2003** | 5.4 | 5 |
| **1928** | 4.5 | 4.4 | **1967** | 5.6 | 5.2 | **2007** | 5.6 | 5 |
| **1931** | 4.4 | 4.4 | **1971** | 6.1 | 5.5 | **2011** | 6.4 | 5.6 |
| **1935** | 5.2 | 4.9 | **1975** | 5.8 | 5 | **2015** | 5.8 | 4.9 |
| **1939** | 5.9 | 5 | **1979** | 5.5 | 5.1 | **2019** | 6.5 | 5.8 |
| **1943** | 5.1 | 4.8 | **1983** | 6 | 5.3 | | | |
| **1947** | 5.3 | 5 | **1987** | 6.8 | 5.7 | | | |
| **1951** | 5.1 | 4.8 | **1991** | 7.4 | 5.7 | | | |

И навистина, ако се разгледа табеларниот приказ, ултимативната цел поради која беше воведена пропорцијата во Швајцарија ја исполни својата улога. Барањето за поправеден изборен систем, наспрема дотогаш применливиот мнозински, кој не беше способен да го отслика адекватно швајцарскиот политички пејзаж, се чини дека изгледал оправдано, а тоа може да го поткрепиме со податоците за ефективните изборни и парламентарни партии во периодот 1896-1917, кога изборите се одржуваа според мнозинскиот модел:

**Табела 5: Ефективен број на партии (изборни и парламентарни) во Швајцарија според индексот Лаaксо-Таагепера одржани во периодот 1896-1917 според мнозинскиот модел**

| избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП | избори | ЕБИП | ЕБПП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1896** | 3.1 | 2.5 | **1902** | 3 | 2.4 | **1908** | 3 | 2.2 | **1914** | 2.7 | 2.5 |
| **1899** | 3.1 | 2.5 | **1905** | 3.1 | 2.2 | **1911** | 3.1 | 2.4 | **1917** | 3.4 | 2.8 |

Токму ваквиот изборен модел, со неговите неправди, стана една од најжешките теми за дебата во земјата, а најжестоките напади доаѓаа од левичарските сили и социјалдемократите, за кои „пропорционалната застапеност значеше праведност“. Треба да се спомене дека за воведувањето на пропорцијата во Швајцарија се одржаа вкупно три референдума, што е во духот на силно изразените непосредно демократски елементи што го красат швајцарскиот политички систем. На првиот, во 1900, идејата беше отфрлена. На второто референдумско изјаснување, по една деценија, имаше мнозинство гласови во кантоните, но не и на национално ниво (за успешен референдум е потребно двојно мнозинство). Но, во 1918, на третиот референдум, пропорционалниот модел конечно беше усвоен. Противниците пропорционалниот модел го сметаа за „натрапник“, бидејќи стравуваа дека може да го подели парламентот и да ги заслабне традиционалните парти, како и да создаде предуслов за Национален совет без јасно парламентарно мнозинство, и дека земјата ќе западне во „конфузија и анархија“ (Petrov, 2018). Ако ги разгледаме погорните табели ќе се забележи дека партискиот систем на Швајцарија во ерата на мнозинскиот модел, според класификацијата на Блондел, лавирал помеѓу двопартиски и две и полпартиски, за да со примена на пропорционалниот, со исклучок на изборните циклуси 1955 и со граничните вредности од 1928, 1931 со **4.4**, парискиот систем од 1919-2019 е типичен пример за мултипартизам без доминантна партија (**4.5**), кој согласно тезата во овој труд го врзуваме со земјите на консоцијална демократија. И според индексите на Сиароф, во целиот век

примена на пропорционалниот модел во Швајцарија, тамошниот партиски систем лавирал помеѓу екстремен повеќепартизам со две доминантни партии (**4.41**) – во најдобар дел од случаите, и повеќепартизам без доминантна партија (во 5/27 избори), а само еднаш бил екстремен мултипартизам со една доминантна партија (1955).
Во партискиот систем на Швајцарија постојат четири партии со специфична тежина. Тука, во прв ред се мисли на оние четири политички формации кои учествуваат во композицијата на седмочлениот Федерален (извршен) совет (т.е. Владата кој ја игра и улогата на колективен шеф на државата), односно ги пополнуваат местата во него според магичната формула (2:2:2:1) воведена во 1959.[10] Според Липхарт (2012: 33), партиите кои имаат по два федерални советника, апроксимативно контролираат по ¼ од пратениците во Националниот совет, додека партијата која има само еден советник, контролира ⅛ од пратениците во Долниот дом на Парламентот. Ова всушност е на линија на она што погоре беше обопштено дека повеќепартизмот бездоминантна партија подразбира дека ниту една парламентарно претставена партија не добива повеќе од 25% од гласовите на избирачите или 25% од местата во претставничкиот дом (Vasović,2006: 122). Дополнително, директната демократија во земјата ги фаворизира малите и им овозможува преживување на поголемите партии. Отсуството на силни антисистемски партии вопартискиот систем на Швајцарија, го прави истиот да биде доживеан како екстремно плурален,но сепак ʽумерен’ и стабилен.

## 3. Ефективниот број на партии во новокомпонираните консоцијации – Босна и Херцеговина и РС Македонија

БиХ и РМ, како и другите републики на СФРЈ, во текот на деведесеттите години на XX век, влегоа во историски процес на политичка плурализација. Притоа, Босна и Херцеговина како држава за триесет години го изоде патот од првите повеќепартиски избори; преку разорната граѓанска војна и суспендирање на демократските избори во тој период; потоа преку серијата од три изборни циклуса (1996, 1998, 2000),[11] кои беа организирани под покровителство на OSCE; до донесувањето на Изборниот закон во 2001, кој во изминатите две децении е менуван неколку пати (Arnaut, 2021: 45), а според него досега се имаат одржано вкупно шест општи избори во земјата. Во изминатите две децении, низ целиот свој досегашен живот, Изборниот закон во БиХ предизвика бројни спорења, „триења“, а неретко и изострени политички конфликти, а со него не беше задоволен никој (Kukić, 2021: 180). Истоветно како и во БиХ, и во Р Македонија во 2001 година, по Вооружениот конфликт беше донесен актуелниот Изборен закон, со кој беше воведен сегашниот пропорционален изборен модел, според кој се избираат 120 пратеника во шест изборни региона, каде се распределуваат по 20 пратенички мандати, редистрибуирани според формулата D’Hondt, без постоење на законски изборен праг, а се гласа за затворени претходно структурирани листи. Воведувањето на пропорционалниот модел во РМ, во 2001, не претставуваше директна обврска која произлезе од Охридскиот рамковен договор, но идејата за

[10] Во швајцарската политика, магичната формула (германски: *Zauberformel*, француски: *formule magique*, италијански: *formula magica*) е аритметичка формула за поделба на седумте извршни места во Федералниот совет меѓу четирите коалициски партии. До 1891 сите федерални советници доаѓале од редот на либералните радикали (FDP), кога демохристијаните (KK/CVP) ќе го добијат првиот федераленсоветник, а во 1920 вториот. Претходникот на швајцарските ‘народњаци’, Фармерската партија (BGB/SVP) ќе го добие првиот федерален советник во 1929. Федералниот совет ќе добие претставник од социјалдемократите (SP) за првпат во 1943, а оваа партија вториот советник ќе го добие во 1959. Од 1959-2003 формулата беше 2: FDP, 2: CVP, 2: SP, 1: SVP. Од 2003 SVP ќе добие 2 советника, а CVP ќе загуби еден. SVP ќе го дели едното советничко место со поумерените отцепници од нејзините редови BDP – Буржоаската демократска партија, по поделбата што се случи помеѓу овие две формации во 2008, а тоа ќебиде така се до 2015., кога SVP ќе си го поврати тоа место од BDP, која пак ќе се спои во 2021. со CVP вонова партиска формација под името – Центар.
[11] Во овој период парламентарните мандати во БиХ траеле 2, а по 2002 ќе бидат по 4 години (Pejanović, 2021: 232).

имплементирање на чист пропорционален модел[12] може да се смета како кохерентна и комплементарна на самата идеја за јакнење на консоцијациската компонента во македонскиот политички систем. И архитектите на Дејтонскиот мировен договор, во Анексот 3, кој се референраше на изборите, се одлучија за пропорционален изборен модел, кој според Липхарт (2012) е *conditio sine qua non* за поуспешна консоцијација. Актуелниот изборен модел на БиХ за изборите за Претставничкиот дом на Парламентарното собрание на БиХ (ПДПСБиХ), кој има релативно „камерен" состав (само 42 пратеника), предвидува постоење на 30 директни мандати, кои се избираат во осум повеќемандатни изборни единици. Постојат и 12 мандати, кои се компензаторни. И директните и компензаторните мандати се распределуваат според формулата на Sainte-Laguë, при цензус од 3%. Во БиХ, за разлика од РСМ постои преференцијално гласање. Во продолжение следува табеларен приказ на ефективниот број на партии по сите досега одржани изборни циклуси во двете земји. Во овој труд податоците за ефективните елективни и парламентарни партии за Холандија, Белгија, Швајцарија и РС Македонија се преземени од базата *Party Systems and Governments Observatory*, при Универзитетот во Нотингем, каде не е опфатена Босна и Херцеговина. За целите на овој труд пресметката на ефективниот број на парламентарни партии во БиХ е направена врз основа на приказот на Суад Арнаутовиќ (2021: 59-64).

**Табела 6: Ефективен број на партии во РСМ (елективни и парламентарни) и БиХ (парламентарни) според индексот Лааксо-Таагепера одржани во плурализмот**

| Избори МКД | ЕБИП | ЕБПП | Избори БиХ по Дејтон | ЕБПП |
|---|---|---|---|---|
| **1990** | 6.7 | 5 | **1996** | 3.4 |
| **1994** | 3.3 | 3.2 | **1998** | 4.3 |
| **1998** | 5.1 | 2.9 | **2000** | 7.3 |
| **2002** | 4.1 | 2.8 | **2002** | 7.9 |
| **2006** | 5.3 | 4.1 | **2006** | 7.2 |
| **2008** | 3.1 | 2.8 | **2010** | 7.6 |
| **2011** | 3.6 | 2.9 | **2014** | 7.6 |
| **2014** | 3.4 | 2.9 | **2018** | 8.7 |
| **2016** | 3.2 | 2.8 | **2022** | 9 |
| **2020** | 3.7 | 3.3 | | |

На примерот на БиХ, е повеќе од евидентно дека во сите изборни циклуси одржани во последните две децении, изборниот модел продуцира типичен повеќепартиски систем без доминантна партија (Блондел), односно екстремен повеќепартизам без доминантна партија (Сиароф). БиХ, како и претходно разработените примери од кралствата Белгија и Холандија, но и Швајцарија, ја потврдуваат главната теза на овој труд дека партискиот систем во консоцијалните демократии иманентно е мултипартиски, т.е. екстремно повеќепартиски без доминантна партија. Оттука, Арнаутовиќ (2021: 60) го поставува прашањето зошто партискиот систем на БиХ не го достигна стадиумот на стабилен и урамнотежен партиски систем, туку и понатаму продолжува да го карактеризира атомизиран плурализам. Со исклучок на првите и донекаде вторите избори во пост дејтонскиот период, кога трите етнички партии бошњачката SDA, српската SDS и хрватската HDZBiH, ќе го освојат „лавовскиот" дел од мандатите, по сите други изборни циклуси во БиХ ќе постојат елементи на атомизиран систем, бидејќи бројот на субјектите кои ќе се класираат во ПДПСБиХ, ќе биде константно над 11 партии и коалиции, бројка која Сартори ја зема како симптом за атомизираност.[13] Во прилог на ова оди и податокот

[12] За време на изборните циклуси во првата декада од македонската независност се применуваше двокружен мнозински систем, во 1990 и 1994, и комбиниран, паралелен (мешовит) во 1998.
[13] Субјекти (партии и колаиции) кои се пласирале во ПДПСБиХ: во 2000. – 13 субјекта; во 2002., 2018., и 2022. – 14 субјекта; 2006., 2010., 2014., – 12 субјекта (Arnautović, 2021: 60);

дека на првите избори во плурализмот, во 1990, ќе учествуваат 15 партии, а на изборите во 2018., дури 69, процеси кои се резултат на јакнењето на етничкиот плурализам. Со исклучок на изборните циклуси во 2000, и 2010, кога успех ќе имаат граѓанските и мултиетничките партии, на сите други избори довербата ќе отиде кај националистичките партии – бошњачката SDA и хрватската HDZBiH, а од 2006, водечката позиција во српскиот блок ќе ја преземе SNSD од SDS. Оттука, етничката доминација во внатрешното устројство на БиХ, доведе до зацврстување на етничкиот плурализам во политичката сфера (Pejanović, 2021: 232-233, 236). Ваквиот атомизиран партиски систем е всушност фрагментиран систем, кој по дефиниција е дисфункционален, а таквата дисфункционалност се рефлектира во целокупноста на политичкиот систем. Причината за високиот број на партии кои добиле мандат во претставничкото тело на БиХ, треба да се бараат и во малата големина на осумте изборни единици (во кои се разигруваат од 3 до 6 мандати), бидејќи малата изборна магнитуда во *de jure* пропорционален изборен модел, може да продуцира *de facto* ефект на мнозински изборен модел (Arnautović, 2021: 73). Големиот број на политички партии и нивната „распрснатост“ без јасна идеолошка групираност по оската лево-центар-десно во политичката арена, но и големиот број на елективни (релевантни) и ефективни политички партии кои учествуваат во бавниот и неефикасен систем на одлучување во Парламентарната асамблеја на БиХ, го правата целокупниот Дејтонски политички систем „фрагилен“, „пропаднат“, „неуспешен“, и „невозможен“ (Ibid., 50). Дополнително, од изборите во 2000, ниту една партија т.е. партиски клуб нема освоено повеќе од 30% од местата[14] во Претставничкиот дом, па за формирање на стабилно парламентарно мнозинство беа потребни широки коалиции од три, па и повеќе партнери (Arapović, 2021: 21), што е во дослух со самата консоцијативна идеја.

Што се однесува до РС Македонија, таа е единствениот селектиран случај, кој не ја исполнува дефиницијата за мултипартиски систем без доминантна партија, како предуслов за прогласување на политичкиот систем на земјата како типично консоцијациски. Ако се фокусираме на изборите одржани според пропорцијата, од

прикажаните податоци ќе забележиме дека во најголем дел (5/7) изборни циклуси,

карактерот на македонскиот партиски систем, ако се земе предвид распоредот на политичките сили во законодавниот дом, може да се опише како две и полпартиски систем, ако се повикаме на класификацијата на Сиароф, а во 6/7 случаи тоа е истоветно и со типологијата на Блондел. Тоа е така, затоа што во изминатите две децении на политичката сцена доминираа коалициите на двете најмоќни македонски партии – ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а улогата на „половина“ партија во македонскиот две и полпартиски систем ја играше албанската ДУИ, која со исклучок на периодот 2006-2008, ја споделуваше власта во коалиционата влада која во различни периоди беше составувана од двете предоминантни македонски партии. Оттука, ако Босна и Херцеговина има сериозни проблеми во изградбата на стабилен и урамнотежен партиски систем, РСМ го нема тој предизвик, бидејќи во последните дваесет години политички плурализам, нејзиниот партиски систем може апсолутно и беспоговорно да се опише (и според Сиароф, но и Блондел) како стабилен две и полпартиски систем. Со ова, од една страна РСМ, не се вклопува во дефиницијата за типична консоцијација со мултипартиски систем без доминантна партија. Од друга страна, според низа познавачи на македонскиот политички систем, за него поисправно е да се говори за еден своевиден „хибрид“ од елементи на парламентарна со консоцијална демократија, па следствено на ова, двоиполпатискиот систем не му е туѓ.

**Заклучок**

Од погорната анализа преку петте селектирани студии на случај забележавме дека изборниот систем влијае на обликувањето на партискиот систем, бројот на партиите и на односите во внатрешноста на партискиот систем. Во политичката теорија до средината на XX век беше доминантно мислењето дека пропорционалниот модел доведува до голем број на партии, а мнозинскиот до партиски систем со две или помал број партии. Горните примери во

[14] Само по изборите во 1996 и 1998 имаше ситуација кога партијата SDA контролираше над 30% од местата во ПДПСБиХ (Ibid., 60-61)

голем степен ја потврдуваат оваа теза, бидејќи во еден дел од нив постоеше премин од мнозински кон чист пропорционален модел, што во крајна линија охрабри формирање на мултипартиски систем, па дури и екстремен повеќепартизам. Од средината на педесеттите години на XX век, се развива критичка теорија која се спротивставува на пренагласувањето на влијанието на изборниот врз партискиот систем. Наместо таквата едностраност, се инсистира на антиципирање на некои други аспекти предвид. За Сартори (2003), во етнички, религиозно и културно хетерогените општества, какви што по дефиниција се овде проанализираните примери, територијалното групирање на заедниците, гласањето за својата партија е важен аспект, без оглед на карактерот на изборниот систем. Примената на пропорционалниот систем, во овие примери на земји во чиј политички систем има елементи на консоцијална демократија, се чини за оправдан. Друго е прашањето колку тој систем придонесува кон политичка (не)стабилност. Системот од една страна овозможува праведна распределба на мандатите, но од друга страна создава предуслови за креирање мултипартизам без доминантна партија, т.е. екстремен повеќепартизам, која беше главната теза на овој труд, што со исклучок на РСМ, во голем степен се потврди. Ваквата институционализација на пропорционалниот изборен систем со парламентарен тип на власт, по правило води кон консоцијациски или консензуален модел на демократија – уште една теза која во голем степен беше поткрепена со оваа анализа.

**Користена литература**


1. **Arapović, A. (2021).** Kritične tačke unapređenja izbornog sistem Bosne i Hercegovine – rubikon demokratizacije. U akademik I., Cvitković (Urd.). *Reforma izbornog zakonodavstva Bosne i Hercegovine,* Zbornik radova, Posebna izdanja, Knjiga CXCVIII, Odjeljenje društvenih nauka, Knjiga 17 (str. 11-28). Sarajevo, Izdavač: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine.
2. **Arnaut, D. (2021).** Izborni procesi u Bosni i Hercegovini: Hibridni spoj modernih i zastarjelih rešenja. U akademik I., Cvitković (Urd.). *Reforma izbornog zakonodavstva Bosne i Hercegovine*, Zbornik radova, Posebna izdanja, Knjiga CXCVIII, Odjeljenje društvenih nauka, Knjiga 17 (str. 28-48). Sarajevo, Izdavač: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine.
3. **Arnautović, S. (2021).** Geneza izbornih procesa u Bosni i Hercegovii od 1996. do 2018. godine i moguće promjene u Ustavu i Izbornom zakonu. U akademik I., Cvitković (Urd.). *Reforma izbornog zakonodavstva Bosne i Hercegovine,* Zbornik radova, Posebna izdanja, Knjiga CXCVIII, Odjeljenje društvenih nauka, Knjiga 17 (str. 48-80). Sarajevo, Izdavač: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine.
4. **Андевег, Р. Б. (2009).** Холандија: Важноста на пропорционалноста. Во М., Галагер и П., Мичел (Ед.). *Политика на изборни системи*. Скопје: Академски печат.
5. **Blondel, J. (1968).** Party Systems and Patterns of Government in Western Democracies. *Canadian Journal of Political Science 1*, no. 2 (June): 180–203.
6. **Casal Bértoa, F. (2013).** Post-communist Politics: on the Convergence or Divergence of East and West. *Government and Opposition*, v. 48, n. 3.
7. **Dumont, P. & Caulier, J-F. (2003).** *The "Effective Number of Relevant Parties": How Voting Power Improves Laakso-Taagepera's Index*.
8. **King, P. (1993).** Federation and representation. In M., Burges & A., Gagnon (Eds.). *Comparative Federalism and Federation*. Hemel Hempstead: Harvester Wheatsheaf.
9. **Kukić, S. (2021).** Kakvo Izborno zakonodavstvo void BiH u društvo evropskih naroda? U akademik I., Cvitković (Urd.). *Reforma izbornog zakonodavstva Bosne i Hercegovine*, Zbornik radova, Posebna izdanja, Knjiga CXCVIII, Odjeljenje društvenih nauka, Knjiga 17 (str. 179-194). Sarajevo, Izdavač: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine.

10. **Климовски, С. и Каракамишева, Т. (2006).** *Политички партии и интересни груп.* Штип: 2-ри Август.
11. **Laakso, M. & Taagepera. R. (1979).** ‘Effective’ Number of Parties: A Measure with Application to West Europe. *Comparative Political Studies 12,* no. 1 (April): 3–27.
12. **Lijphart, A. (1975).** *The Politics of Accommodation*. Second Edition. Berkeley: University of California Press.
13. **Lijphart, A. (1976).** Repliek op M. Fennema. *Acta Politica 11* (1, 1976): 78-84.
14. **Lijphart, A. (2012).** *Patterns of Democracy*. Second Edition. New Haven: Yale University Press.
15. **Loots, J. (2004).** *Voor het volk, Van het volk, van districtenteles naar evenredige verte-genwoordiging.* Amsterdam: Vereldbibliotheek.
16. **Milutinović, M. (2014).** Konsensualna (konsocijalna) demokratija u složenim državama. Naučno-stručni časopis *SVAROG* br. 8. (majm 2014): 40-57.
17. **Pauwels, T. (2011).** “Explaining the Strange Decline of the Populist Radical Right Vlaams Belang in Belgium: The Impact of Permanent Opposition.” *Acta Politica 46,* no. 1 (January): 60–82.
18. **Pejanović, M. (2021).** Ideje za reform Izbornog zakonodavstva. U akademik I., Cvitković (Urd.). Reforma izbornog zakonodavstva Bosne i Hercegovine, Zbornik radova, Posebna izdanja, Knjiga CXCVIII, Odjeljenje društvenih nauka, Knjiga 17 (str. 227-239). Sarajevo, Izdavač: Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine.
19. **Petrov, I. (2018).** *The road to proportional representation in Switzerland*. Swiss Politics. swissinfo.ch
20. **Robert, D. (1999).** *Demokratija i njeni kritičari*. Podgorica: CID.
21. **Sartori, G. (1976).** *Parties and Party Systems: A Framework for Analysis*. Cambridge: Cambridge University Press.
22. **Sartori, Đ. (2003).** *Uporedni ustavni inžinjering - strukture, podsticaji, ishodi*. Beograd: Filip Višnjić.
23. **Siaroff, A. (2000).** *Comparative European Party Systems.: An Analysis of Parliamentary Elections Since 1945*. New York: Garland Publishing.
24. **Siaroff, A. (2003).** Two-And-A-Half-Party Systems and the Comparative Role of the 'Half". *Party Politics* 9, no. 3: 267-290
25. **Swenden, W. (2003).** *Belgian Federalism Basic Institutional Futures and Potential as a Model for the European Union*. Royal Institute of International Affairs.
26. **Swenden, W., Brans, M. & De Winter., L. (2009**). The Politics of Belgium: Institutions and Policy Under Bipolar and Centrifugal Federalism. In M., Brans, L., De Winter, and W., Swenden (Eds.). *The Politics of Belgium: Institutions and Policy Under Bipolar and Centrifugal Federalism*. (pp. 1–11). London: Routledge.
27. **Vasović, V. (2006).** *Savremene demokratije* 1. Beograd: Službeni glasnik.
28. **Vasović, V. (2007).** *Savremene demokratije* 2. Beograd: Službeni glasnik.
29. **Ванковска, Б. (2014).** *Политички систем на Република Македонија*. Скопје: УКИМ.
30. **Wagstaff, P. (1994).** Regionalism in Belgium. In P.,Wagstaff (Ed.). *Regionalism in Europe,* Vol. 1.—No.2/3.
31. **Wolinetz, S. B. (2004).** Classifying Party Systems: Where Have All the Typologies Gone? Paper prepared for *the Annual Meeting of the Canadian Political Science Association*. Winnipeg, Manitoba.